Предлог

Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 18, член 46 став (1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22), член 23 и 242 од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги и услуги за управување со комунален отпадна Република Северна Македонија на седницата одржана на хх април 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО СО СУРОВА НАФТА, НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ, БИОГОРИВА И ГОРИВА ЗА ТРАНСПОРТ – ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО СО ЕУРОДИЗЕЛ БС И ЕКСТРА ЛЕСНО МАСЛО ЗА ДОМАЌИНСТВО (ЕЛ-1)**

1. Лиценцата за вршење на енергетска дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт-трговија на големо со Еуродизел БС и Екстра лесно Масло за домаќинство (ЕЛ-1) издадена на Друштвото за производство и трговија на големо и мало, увоз-извоз ДЕТОИЛ ДОО Куманово со Одлуката за издавање на лиценцата за вршење на енергетска дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати биогорива и горива за транспорт -Трговија на големо со Еуросупер БС 95, Еуродизел БС,Екстра лесно масло за домаќинство ЕЛ-1 и Течен нафтен гас (ТНГ) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 70/14, 102/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.258/21, 265/23), се продолжува.

1. Продолжувањето на лиценцата од точка 1 на оваа одлука се врши по барање на носителот на лиценцата.

2. Прилогот 1 се заменува со нов Прилог кој е составен дел од оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

О б р а з л о ж е н и е

Друштвото за производство и трговија на големо и мало, увоз-извоз ДЕТОИЛ ДОО Куманово, (во понатамошниот текст: Друштво), до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторната комисија за енергетика), во согласност со Правилникот за лиценци, поднесе Барање за продолжување на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија на големо со сурова нафта нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт, трговија на големо Еуродизел БС и Екстра лесно масло за домаќинство (ЕЛ-1), УП1 бр. 11-148/24 од 29 февруари 2024 година (во натамошниот текст: Барање).

Согласно член 8 став (5) од Правилникот за лиценци Регулаторната комисија за енергетика на 4 март 2024 година на својата веб страница објави Соопштение за поднесеното Барање.

Барањето и потребната документација наведена во член 7 и Прилог 1 точка 15, односно од Образецот БЛ 21 од Правилникот за лиценци, се доставени во оригинал и електронски во pdf. формат. Друштвото бара продолжување на лиценцата за 10 години.

Друштвото го комплетираше Барањето на 19 април 2024 година.

Регулаторната комисија за енергетика утврди дека поднесеното Барање е потполно и согласно член 10 став (1) од Правилникот за лиценци, изготви предлог - Одлука за продолжување на лиценцата за вршење на енергетска дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - трговија на големо со Еуродизел БС и Екстра лесно Масло за домаќинство (ЕЛ-1). Предлог - одлуката, согласно Решение за свикување на подготвителна седница

бр.xx-xxx/1 од xx април 2024 година, беше предмет на расправа на подготвителната седница која се одржа на xx април 2024 година.

На подготвителната седница немаше забелешки по предлог одлуката од страна на присутните.

Регулаторната комисија за енергетика на xx април 2024 година, одржа седница на којашто врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 18, член 46 став (1) од Законот за енергетика* и член 24 став (3) од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за продолжување на лиценцата за вршење на енергетска дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт-трговија на големо со Еуродизел БС и Екстра лесно Масло за домаќинство (ЕЛ-1) издадена на Друштвото за производство и трговија на големо и мало, увоз-извоз ДЕТОИЛ ДОО Куманово.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр. 11-148/24**
**Xx април 2024 година**
**Скопје**

**Претседател на Регулаторна комисија за енергетика,**
**водни услуги и услуги за управување со комунален отпад**
**на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**

Изработил: Биљана Дуковска Вердел

Контролирал: Далибор Митровски

Анастасија Стефановска- Ангеловски

Одобрил: Pajazit Sheapi

**Прилог**

**ЛИЦЕНЦА**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО СО СУРОВА НАФТА, НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ, БИОГОРИВА И ГОРИВА ЗА ТРАНСПОРТ – ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО СО ЕУРОДИЗЕЛ БС И ЕКСТРА ЛЕСНО МАСЛО ЗА ДОМАЌИНСТВО (ЕЛ-1)**

1. **Назив и седиште на носителот на лиценцата**

Друштво за производство и трговија на големо и мало, увоз-извоз ДЕТОИЛ ДОО Куманово, со седиште на ул. Никола Тесла бр.160 Куманово, Република Северна Македонија

2. **Енергетската дејност за која се издава лиценцата**

Трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - трговија на големо со Еуродизел БС и Екстра лесно масло за домаќинство (ЕЛ-1)

3. **Датум на издавање на лиценцата:** 30 април 2014 година

4. **Датум на продолжување на лиценцата:** xx април 2024 година

5. **Датум на важење на лиценцата:** 30 април 2034 година

6. **Евидентен број на издадената лиценца:** НД-ТРГ- 45-2014

7. **Единствен матичен број**: 4701461

8. **Единствен даночен број:** 4017993119380

9. **Вид и обем на енергетската дејност што ќе се врши**

Со оваа лиценца се определуваат условите за вршење на дејноста трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт.

Како трговија на големо, во смисла на оваа лиценца се смета купување од земјата и странство на Еуродизел БС и Екстра лесно масло за домаќинство (ЕЛ-1), заради натамошна продажба на трговци или потрошувачи во земјата и странство.

10. **Капацитети со кои се врши енергетската дејност**

Приемот и испораката на нафтените деривати ќе се врши во стовариште за нафтени деривати и придружни објекти со трафостаница на КП 382/1, 382/2, 383, 384, 385, 386, 387, 388 на КО Речица м.в. Шумјак, кое се наоѓа од десна страна на Автопатот Е 75 Табановце - Куманово, во сопственост на Квалитет-Пром ДООЕЛ и Детоил ДОО Куманово. За вршење на енергетската дејност ќе се користат 2 надземни резервоари со волумен од по 500 $m^3$, еден за складирање на Еуродизел БС и еден за складирање на Екстралесно масло за домаќинство (ЕЛ-1) .

Носителот на лиценцата е должен во секое време да поседува или да има обезбедено право на користење на склад во кој се складира на Еуродизел БС и Екстра лесно масло за домаќинство (ЕЛ-1),со капацитет определен со прописите со кои се уредува трговијата со нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт.

Носителот на лиценцата е должен да ја извести Регулаторната комисија за енергетика за секоја промена на расположливиот капацитет за складирање на нафтениот дериват, најдоцна во рок од 30 дена по настаната промена.

**11. Подрачје на кое ќе се врши дејноста**

Енергетската дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - трговија на големо со Еуродизел БС, Екстра лесно масло за домаќинство (ЕЛ-1), носителот на лиценцата може да ја врши на територијата на Република Северна Македонија и во странство.

**12. Општи обврски за носителот на лиценцата**

Носителот на лиценцата е должен да:

- обезбеди сигурно и безбедно снабдување со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт,
- обезбеди нафтените деривати, биогоривата и горивата за транспорт со кои врши трговија да ги исполнуваат пропишаните норми за квалитет,
- ги почитува законите, другите прописи и општи акти кои се однесуваат на вршење на дејноста трговија со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт, заштита на конкуренцијата, заштита на потрошувачите, заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето и заштита при работа,
- ги почитува техничките правила, нормативи и стандарди за работа на енергетските објекти и опрема,
- доставува податоци и информации согласно Правилникот за начинот и постапката за следење на функционирањето на пазарите на енергија,
- доставува известувања за сите околности, настани и промени кои што имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на енергетската дејност,
- да води одвоено сметководство за секоја поединечна енергетска дејност што ја врши или други дејности кои ги извршува,
- овозможи непосреден увид по барање на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, во целокупната документација која што се однесува на вршењето на енергетската дејност за која што е издадена лиценцата, во согласност со Правилникот за лиценци, и
- ги почитува правилниците и другите прописи кои ги донесува или одобрува Регулаторната комисија за енергетика во согласност со закон.

**13. Обврска за доставување на Годишен извештај за работењето**

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика, најдоцна до 31 март во тековната година да достави Годишен извештај за работењето, вклучувајќи го и извештајот за финансиското и деловното работење во претходната година.

Годишниот извештај со сите прилози задолжително се доставува и во електронска форма. Годишниот извештај треба да содржи податоци за:

1) опис и обем на вршењето на енергетската дејност во текот на годината,
2) годишна завршна сметка со сите прилози,
3) преземени мерки во текот на извештајната година за:
   - заштита на објектите и опремата од надворешни влијанија и хаварии и осигурување на објектите и опремата за вршење на енергетска дејност,
   - безбедност и здравје при работа,
   - кадровска екипираност, обука и стручно усовршување на вработените,
   - заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето,
   - извршување на мониторинг на работењето,
   - вршење на дејноста во услови на кризна состојба, промена на условите на светскиот пазар, како и воена и вонредна состојба,
4) извршување на годишната програма за ремонти,
5) реализирање на планот за работа кој што се однесува на соодветната година,
6) извршени инспекциски надзори и контроли од страна на надлежни инспекциски и други државни органи, со приложени фотокопии на записниците, извештаите и решенијата од извршените надзори и контроли.

## 14. Менување, продолжување, пренос, престанување, суспендирање и одземање на лиценцата

Менување, продолжување, пренос, престанок, суспендирање и одземање на оваа лиценца ќе се врши во согласност со одредбите од Законот за енергетика и Правилникот за лиценци.

## 15. Мерки во случај на неисполнување на обврските на носителот на лиценцата

Ако носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија ќе преземе мерки согласно Законот за енергетика и Правилникот за лиценци.